**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 06. 11 2016

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 5451 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 до 31 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во шестиот десетдневен период, од 22 до 31 октомври 2016 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, не е регистрирано централно издание на дневно-информативна емисија, кое би било предмет

на мониторинг согласно Методологијата. Радиото емитува вести со времетраење од 1 до 2 минути, на секој половина час, поврзани со најактуелните теми и случувања од земјата и светот.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Други информативни програми</u>*

Во анализираниот период емитувани се три премиерни и две репризни изданија на емисијата „Ноќен експрес", две изданија на „Стадион", осум изданија на емисијата „Моја општина" и неколку информации за случувања во рамки на Акто фестивалот, кој овој пат се одржуваше во Штип.

*<u>„Ноќен експрес"</u>*

На 22 октомври 2016 година, со почеток во 12 часот и 14 минути се емитуваше репризното издание на „Ноќен експрес" на тема: Близу еден месец радијата и телевизиите не смеат да емитуваат македонска музика по забраната на ЗАМП (Здружение за заштита на авторски музички права). Гости беа: Ѓорги Барбаровски – претставник на ЗАМП, Кокан Димушевски – претставник на СОКОМ-МАП и Иван Мирчевски – директор на Канал 5 и претставник на ММА. Беа направени и две одвоени интервјуа, првото со Ранко Петровиќ од скопското радио Буба Мара, а второто со Горан Гаврилов – управител на националното радио Канал 77.

На 23 октомври 2016 година, со почеток во 13 часот, се емитуваше репризното издание на „Ноќен експрес" на тема - Колку повеќе реформи, толку полошо судство. Гости беа: Маргарита Цаца Николовска – поранешна судијка во Европскиот суд за човекови права во Стразбур и уставен судија на Босна и Херцеговина и Николчо Лазаров – долгогодишен судија и поранешен шеф на кабинетот на министерот за правда Михајло Маневски, а сегашен адвокат. Беше направен и разговор со новинарите Љубиша Станковиќ и Гордана Дувњак, кои активно ги следат случувањата во судството. При крајот на емисијата се разговараше и за изборот на нашиот нов претставник во Судот за човекови права во Стразбур, Јован Илиевски.

На 24 октомври 2016 година, со почеток во 20 часот и 58 минути, се емитуваше премиерно издание на „Ноќен експрес" на тема - Дебати. Гостин во емисијата беше: Роберт Поповски – советник за комуникации во СДСМ. Водителите нагласија дека бил повикан и ја прифатил поканата и Иво Котевски од ВМРО ДПМНЕ, но во последен момент го откажал гостувањето. Прашањата за темата беа: Дали дебатата е највисока одговорност на секој учесник во политичката игра? Смее ли политичар во демократска држава да одбие соочување? Кој бега од дебатите? Беа посочени македонските политички соочувања, а како највпечатлив беше издвоен ТВ дуелот помеѓу тогашните лидери на ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, Љубчо Георгиевски и Бранко Црвенковски, што се емитуваше на МТВ 1998 година. Исто така, беше посочена и одржаната дебата помеѓу поранешните претседателски кандидати Ѓорѓи Иванов и Љубомир Фрчковски. За темата се разговараше и со: Крис Хеншоу – прв човек на Националниот демократски институт; новинарите Александар Чомовски, Јасмина Миронски, Тодор Пендаров и Сашо Ордановски, и со Игор Мицевски од Институтот за комуникациски студии. Репризното издание беше на 29 октомври 2016 година.

На 26 октомври 2016 година, со почеток во 21 часот, се емитуваше премиерно издание на „Ноќен експрес" на тема: Неказнивост на насилството врз новинарите. Гостин беше: Павле Беловски – новинар на ТВ Телма. Со изјави во емисијата беа вклучени: Насер Селмани, претседател на ЗНМ; Тони Ангеловски од МВР; Ивона Талевска, МАН; Саше Ивановски „Политико", новинар; Марјан Стаменковски, новинар, сопственик на интернет порталот ДоказМ.мк; и Игор Љубовчевски – сниматель. Репризното издание се емитуваше на 30 октомври 2016 година.

На 31 октомври 2016 година, со почеток во 21 часот, се емитуваше премиерно издание на „Ноќен експрес" на тема - Фудбал на екс. Гости беа: Игор Алексовски – голман на фудбалскиот клуб Вардар и репрезентативец на младата репрезентација до 21 година и Благоја Милевски – селектор на младата

фудбалска репрезентација до 21 година. Дел од прашањата на кои се разговараше беа: Има ли шанси за успех репрезентацијата на Македонија на европското првенство до 21 година? Ќе се пласира ли репрезентацијата на Македонија на европското првенство? Ни треба ли дополнителен селектор? Беа реализирани и разговори со: Игор Филевски-Филе, спортски новинар; Кире Маркоски, фудбалер; Артим Шакири, поранешен репрезентативец; и Бобан Николов, капитен на младата репрезентација.

*„Стадион"*

Премиерното издание на емисијата „Стадион" со водителката Весна Коловска беше на 22 октомври 2016 година. Темата беше - „Драматичните случувања во МВР ја заклучија тензичната недела за работа на СЈО". Се разговараше за законитоста, оправданоста, моралноста, истрагите, постапките на главните личности во повеќедневната драма во УБК. Гостин беше Александар Наков, адвокат и поранешен јавен обвинител. Беше емитуван дел од прилогот на репортерот на Нова ТВ, Сашка Цветковска, посветен на живеалиштето на поранешниот шеф на тајната полиција, Сашо Мијалков. Исто така, беше прочитана колумната на Симо Груевски, поранешен вработен во Телеком, експерт за телекомуникации, објавена на Нова ТВ. Се емитуваа и изјавите на директорот на бирото за јавна безбедност Митко Чавков и на дополнителниот заменик министер Оливер Андонов. Во текот на емисијата се вклучуваа слушатели со свои ставови за темата.

Второто издание на емисијата „Стадион" со водителката Весна Коловска беше на 29 октомври 2016 година. Во рамки на генералната тема насловена како - „Слатката власт чини солено", беа опфатени следниве теми и прашања: наодите на Државниот ревизор; интервјуто со поранешниот разузнавач Слободан Богоевски на ТВ Телма, на кое повеќепати се потсетуваше во текот на емисијата, особено на делот поврзан со грчкиот бизнисмен Кондоминас; сообраќајката на дополнителниот заменик министер за труд и социјална политика Диме Спасов и реакциите за настанот; сведочењето на Богоевски во Њујорк во врска со случајот Телеком и очекуваниот судски процес со Али Ахмети во врска со овој случај. Во контекст на темата беше емитувана и истражувачката сторија на Маја Јовановска од Нова ТВ, направена преку Законот за слободен пристап до информации, за службените патувања на поранешниот министер за образование Адеми и на заменик министерот за образование Ристовски.

*„Моја општина"*

Емисијата „Моја општина" содржи краток информативен блок во кој се претставуваат настани и редовни активности на општините. Во извештајниот период беа реализирани 8 изданија на емисијата „Моја Општина" кои беа посветени на општините Струмица, Тетово, Куманово, Брвеница и Боговиње. Времетраењето на емисиите е поголемо поради музичките нумери меѓу прилозите.

На 22 октомври 2016 година, во **„Моја општина – Струмица"** (09:32:12–09:45:25) се претставени следниве активности и случувања: Граѓаните и годинава ќе имаат можност да предложат и изгласаат приоритетни проекти за 2017 година на Општина Струмица; Во Домот на АРМ беше одржан граѓански проектен форум на кој беа презентирани проекти од стратегиите за образование, социјална заштита, млади и соработка со граѓански здруженија; Градоначалникот Зоран Заев на Денот на гладот им подели пакети со храна на 100 семејства од Општината. Настанот се одржа во Домот на АРМ, во организација на Банката за храна и Организацијата на жени; Започна тампонирањето на локалниот пат од Муртино до Еднокуќево кој ја поврзува општина Струмица со општина Босилово.

На 22 октомври 2016 година, во **„Моја општина – Тетово"** (13:09:18–13:20:19), беа емитувани следниве прилози: Завршија спортските активности на превентивно-едукативниот проект „Безбедност во училиштата за меѓуетнички соживот и толеранција" чии носители се отсекот за превенција, тетовската локална самоуправа и ОБСЕ. Целта на проектот е запознавање, дружење и заедничко спортување меѓу средношколците и развивање на спортскиот дух. Од Општината истакнуваат дека пред три години биле регистрирани 35 нарушувања на јавниот ред и мир во и околу училиштата, а годинава тој број бил пет пати помал; Привршуваат работите на зградите од старото средно медицинско училиште, каде што тетовските

средношколци треба да го продолжат своето образование се додека Општина Тетово не си го исполни ветувањето и изгради ново училиште.

На 25 октомври 2016 година, во **„Моја општина – Куманово“** (17:10:57 – 17:28:44) се претставени следниве активности и случувања: Здружението на граѓани „Доверба“ спроведе обука за енергетската ефикасност на општините од северо-источниот регион; До крајот на годината целосно ќе биде реконструиран и пуштен најмаркантниот објект во Куманово – Домот на занаетчиите. Проектот чини 20 милиони денари, средствата се обезбедени од северо-источниот регион, Министерството за локална самоуправа и Општина Куманово; Жителите во комплексот згради во МЗ БС Гојчо добија нов уреден парк со урбана опрема, клупи и лулашки за најмладите; Деновиве се одржа акција за чистење на запуштената зелена површина, а ја организираа граѓаните и јавните претпријатија. Акцијата ќе продолжи и во Средорек; Прослава на големиот јубилеј 90 години постоење и успешна работа на КУД Панчо Пешов со изложби, дефилеа, концерти.

На 29 октомври 2016 година, во **„Моја општина – Струмица“** (09:34:13–09:47:34) се претставени следниве активности и случувања: Општина Струмица ја започна изградбата на прочистителната станица. Според градоначалникот Зоран Заев, изградбата треба да биде готова до 21 октомври 2017 година, а проектот е финансиран од предпристапната програма ИПА 3 за регионален развој во соработка со Министерството за животна средина и Секторот за централно финансирање на Министерството за финансии. Буџетот на проектот е 6.581.387 евра; Проектот за изградба на нов невладин центар, создавање на механизми за институционална соработка меѓу Општина Струмица и граѓанскиот сектор доби 80 гласови. Тоа е всушност приоритетниот проект кој Струмица ќе го реализира во периодот 2016 до 2018 година. Така одлучија граѓаните на Проектниот форум во големата сала на домот на АРМ; Во ООУ „Маршал Тито“ во Струмица се одржа завршниот настан на „Деновите на меѓуетничка интеграција“. Градоначалникот Зоран Заев истакна дека децата се насочени кон негување на вредности и почитување, на соработка и меѓусебна поддршка.

На 29 октомври 2016 година, во **„Моја општина – Тетово“** (13:06:36–13:17:20), беа претставени следниве случувања: Акција на Општина Тетово за превентивни прегледи на дојка во соработка со Клиничкиот центар. Градоначалничката Теута Арифи го посети Клиничкиот центар за мамографија при што изјави задоволство што веќе пет месеци имаат мамограф и ги повика жените да одат на прегледи; Од 26-28 октомври се одржа Фестивалот на германскиот филм во соработка со германската амбасада.

На 29 октомври 2016 година, во **„Моја општина – Куманово“** (17:12:26 – 17:34:29) се претставени следниве активности и случувања: Екипите на ЈП Македонски шуми ги пошумуваа површините со зимзелени и листопадни садници во подрачјето на Куманово, Липково и Старо Нагоричане. Досега во овие реони се пошумени 2500 хектари површина; Непречено се одвива и испораката на огревно дрво за физичките лица, а намалено е и крадењето на дрва; Поради изградба на канализациона мрежа минатава недела, бил блокиран сообраќајот во Општината; Во Општата болница Куманово деновиве е ставено во функција одделението за мигранти, инвестиција вредна 100 илјади евра обезбедена преку Европската банка за развој при Советот на Европа и Фондот за миграција и бегалци, а во имплементација на Меѓународната организација за бегалци; Во просториите на МВР Куманово се одржа крводарителска акција.

На 30 октомври 2016 година, во **„Моја општина – Боговиње“** (07:37:29–09:46:36) се претставени следниве активности и случувања: По повод Меѓународниот ден на руралната жена е организирана тркалезна маса на тема „Зајакнување на половата еднаквост за донесување одговорни мерки и буџет наменет за таа цел на локално ниво“. На настанот учествуваа министерката за труд и социјална политика Фросина Ременски, Ингиберг Собрунг – генерален директор на организацијата при ОН Жени за Европа и Азија, Сибел Сутер Тејада – амбасадорот на Швајцарија во Македонија, Хазби Идризи – градоначалник на Боговиње, Теута Арифи, градоначалничка на Општина Тетово и претставници на Општина Струмица; Со децата од Општината е реализиран проект посветен на климатските промени; Се подготвувала документацијата за трасите што водат до езерата на Шар Планина. Се реновираше патот кој ги поврзува селата Пирок-Боговиње-Жеровјане.

На 30 октомври 2016 година, во „**Моја општина – Брвеница**" (17:12:59–17:31:58) се претставени следниве настани: На 5 октомври 2016 година, одржана првата сесија на Буџетскиот форум, присуството на граѓаните било незадоволително. Градоначалникот на Брвеница, Енвер Пајазити, апелираше за поголема масовност на втората сесија, за да се обезбеди транспарентен буџет; Одржана дебата на тема - „Разликите се во мода".

*„Акто фестивал"*

На 22 октомври 2016 година (16:53:06–16:55:44) беше реализирано првото јавување од работилницата од „**Акто фестивалот**" на која учествуваше Уранија Пировска, директорка на Хелсиншкиот комитет за човекови права. Темата беше: Човековите права на текстилните работници. Истиот ден (17:33:21–19:08:28), втората информација од „**Акто фестивалот**", беше за јавната дискусија „Уметност за промени" која се однесуваше на одговорноста што ја има еден уметник за време на политичка и општествена криза. Ставовите ги спротивставија актерката Сања Арсовска и директорот на Штипскиот театар, Трајче Кацаров. Дел од прашањата на јавната дискусија „Одговорност за промени" беа: Какво е остварувањето на работничките права во Македонија? Кои се новите форми на здружување и која е позицијата на текстилните работници? На оваа тема свои ставови споделија економскиот аналитичар Бранимир Јовановиќ, од „Левица" и Соња Стојадиновиќ, политиколог и член на здружението „Солидарност".

Наредниот ден (10:12:00-11:38:13), повторно се емитуваа прилози од „**Акто фестивалот**" од работилницата „Човековите права на текстилните работници", при што беа пренесени излагањата на неколку текстилни работнички, на Горан Трајков од Здружението „Глас" од Штип, а беше емитуван и разговор со Уранија Пировска, директорка на Хелсиншкиот комитет за човекови права, која посочи дека работилниците имаат за цел едукативно да влијаат на текстилните работници, не само од Штип, туку и од другите градови.

***Сектор за програмски работи***